Поштарина платена на готово

БР. 30-31



Македонка



Јана Коцевска

ВОВЕД

Продлабочени перспективи: Навраќање кон „Македонка“ — за градењето архиви, нивното значење и примена во современиот контекст

За научен ангажман
во хуманистичките науки е најважно
да се има изострен сензибилитет за
општествена неправда.

Лер Софроник, Нада

1. Кон „Архиви на невидливите" и две години дигитализирана „Македонка – Орган на АФЖ (1944-1952)"

Публикувањето на овој зборник ја бележи 80-годишнината од излегувањето од печат на првиот број на списанието „Македонка" во ноември 1944 година. Истата година, следниот месец на 15 декември, во Скопје била одржана првата конститутивна конференција на АФЖ на Македонија[1]. Овие

1 Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) на ниво на Југославија формално бил основан во 1942 година на Првата конференција на АФЖ во Босански Петровац (6-8 декември 1942 година), заедно со Антифашистичките фронтови на жените од сите земји на Југославија, меѓутоа поради лошите временски услови делегатките од Македонија не успеале да стигнат на конференцијата навремено. Во овој период на територијата на денешна Македонија веќе била формирана мрежа на жени кои го помагале движењето. Стратегиите на КПЈ во Македонија и СКОЈ во однос на жените биле да ги приклучуваат преку формирани комисии за работа со жени – дел од месните комитети на партијата, чии членки биле активирани жени, т.е. активистки и комунистки, кои во Македонија уште пред почетокот на војната почнувале да мобилизираат други жени за нивно приклучување во движењето. Потем, почнале да се формираат одбори на АФЖ. Првиот бил формиран во Кавадарци пролетта 1943 година, а постепено почнала да се формира цела мрежа одбори на АФЖ во Македонија. Првата конститутивна конференција на АФЖ на Македонија се случила на 15 декември, 1944 година во Скопје, додека, пак, претходниот ден, на 14 декември, се одржала

значителни јубилеи се поттик за навраќање кон проектот „Архиви на невидливите“ и иницирање нов зборник научни трудови што се сосредоточуваат на списанието „Македонка: Орган на АФЖ“, како примарен извор.

Специфичностите и историските детали за настанувањето на „Македонка“ не е неопходно да се впишат во редовите на овој воведен текст. Неговата лична карта е детално елаборирана во воведниот дел на Зборникот од 2022 година, „Архиви на невидливите: Македонка – Орган на АФЖ (1944-1952), историски искуства и културна меморија“, каде што се впишани подробности за мотивот на весникарскиот ангажман, како и за целокупниот контекст во којшто се раѓа ова списание (за ова види повеќе кај Хаџиевска и Коцевска, 2022, 27-58). Од публикувањето на првиот зборник во 2022 година поминати се точно две години, што исто го означува и моментот од кога – по иницијатива на тимот на ЦИНИК – списанието е дигитализирано во Народната библиотека во Србија, со што е овозможена и негова широка пристапност во јавноста непосредно по завршувањето на проектот во 2022 година. Меѓутоа, каква промена донесоа овие иницијативи и кој е нивниот придонес во научна, но и во поширока смисла ќе се обидеме да промислиме во воведникот кон ова издание.

Почнувајќи од пандемичната 2021 година, проектот „Архиви на невидливите“ пристапи кон откривање на можни библио-

обласната конференција. Двата настана се одржале во салата на кино „Уранија“ [првото име на кино „Култура“ – изградено во 1938 година од страна на Никифор Костиќ и Дича Филота (Георгиевски, 2013)]. Извештаите за одржаните конференции се мошне жизнерадосно пренесени во вториот број на „Македонка“, придружени со фотографии и текстуален пренос на говорите. Делегатките од другите градови и од Србија биле сместувани во фамилијарните скопски домови, единствено не успеале да дојдат оние од штипската област. Свечено украсената сала со политички пароли, знамиња и слики на Тито, Сталин, Черчил и Рузвелт, била полна со делегатки „работнички, домаќинки, интелектуалки, партизанки, стари и млади“, каде што „селските носии се шаренејат меѓу градските...[а] мијачките носии најмногу се забележуваат“. Конференцијата почнала со проекција на советскиот филм „Секретар на рајком/Секретар рајкома“ (Секретарь райкома, р. Иван Пириjев 1942), а веднаш потоа и со интонација на химните „Хеј Словени“ и „Изгреј зора на слободата“. Конференцијата ја отвора *другарката* Мара Нацева. На конститутивната седница биле избрани: Главен одбор на АФЖ, Извршен одбор и Пленум, а Орган на АФЖ станало списанието „Македонка“ – првото женско списание на македонски јазик што за време на конференцијата веќе публикувало еден број.

течни фондови и архивска граѓа како потенцијален извор за истражување на родовите перспективи во националната историографија, аспект што научната дејност во земјава не успева да го земе предвид како релевантна истражувачка насока. Поттикнати од таа идеја одново да се откријат овие извори и да се понудат на алтернативни истражувачки потфати, тимот на ЦИНИК селектираше некои архивски извори што понатаму овозможија длабинско проучување на материјата со фокус на споменатиот интерес. Преку оваа мала акција се иницираа и низа прашања за состојбата на овие материјали, начинот на којшто се чуваат тие, институционалната грижа и вреднување за нивниот научно-истражувачки потенцијал итн. Во публикувањето на првиот зборник, еден од текстовите во авторство на Билјана Котевска, дава осврт на јавните политики во однос на нивно сензитивизирање за родовата еднаквост, конкретно во развојот на историографијата во земјава. Иако Котевска во оваа анализа произнесува дека постои солидна законска рамка како основа за планирање и спроведување политики преку коишто ќе се дејствува кон позиционирање на родовата еднаквост и родовата видливост како клучни приоритети за развојот на историографијата, едноставно воопшто не се почна иницијатива за изработка на стратегија во вакви можни насоки, а уште помалку во насока на имплементација, како и институционална волја за настанување промена во оваа смисла. И покрај приложените препораки од страна на Котевска што би придонеле во правењето чекор напред за менување на политиките со цел постигнување на родова еднаквост во историографијата, до денес не се преземени акции во ваква насока од страна на институциите надлежни за тоа (Котевска, 2021, 159-160).

Според Котевска, на развојот на историографијата во овој правец ѝ претходи првиот чекор, т.е. третманот на родовата еднаквост општо во науката и во библиотечната и архивска дејност, што е токму насоката во која ЦИНИК дејствува во рамките на своите капацитети. Со цел да се придонесе кон отворањето

на овие библиотечни и архивски материјали кон пошироката јавност и да се користат во современи научно-методолошки практики, проектот почна иницијативи за дигитализација на библиотечна граѓа, како и нејзина олеснета достапност, вклучително и на новопродуцираните истражувања поттикнати од ваквите фондови преку посебно кибер-ќоше (nevidliviarhivi.mk), сѐ со цел да се опфати поширок спектар читатели, а не исклучиво да се користат единствено од страна на стручната јавност. Давањето нова теориско-методолошка херменевтичка рамка преку којашто овие извори ќе придонесат кон ново, т.е. поинакво читање на конкретните историски периоди и контексти нуди и значајно поместување во создавањето и продуцирањето знаење, како и во поттикнувањето и отворање можности за создавање на феминистички наративи во македонската современа историографија.

Од моментот кога се објави првата публикација посветена на списанието „Македонка“ во октомври 2022 година до денес се случија низа настани во насока на зголемување на видливоста на проектот и на списанието. Набрзо по завршувањето на проектот, дигитализираниот формат на „Македонка“ се објави на интернет-страницата на Народната библиотека во Србија по иницијатива на библиотеката – што, за нас, како иницијаторки, беше навистина значаен гест. Последователно, дигитализираното списание стана лесно достапно и на интернет-страницата на проектот. На шести декември истата година се одбележа 80-годишниот јубилеј на формирањето на АФЖ на ниво на Југославија во Бихаќ и Босански Петровац во Босна и Херцеговина, каде што зедоа учество претставнички од граѓанските организации, политичарки, активистки и др. од сите поранешни југословенски републики. Ова надоврзување на настаните ја отвори можноста зборникот да биде споделен со учесничките на овој настан што доаѓаа од овие земји. Во следната година, за зборникот и, генерално, за проектот „Архиви на невидливите“ се јави интерес главно кај феминистичките иницијативи

во регионот, и тоа феминистичкиот фестивал „Вокс феминае“ (*VoxFeminae*) во Загреб, каде што се случи промоцијата на изданието во мај 2023 година, и организирање на јавна дискусија на феминистичкиот фестивал „Место женск“ (*Mesto Ženska*) во Љубљана во октомври истата година, каде што беше поставена и дел од изложбата на уметницата Христина Иваноска во состав на колективната изложба „Археологија на отпорот: коректив за иднината“ како дел од програмата на 29-тото издание на фестивалот. Гостувањето во Белград се случи следната година на 14 февруари, при гостувањето на оваа групна изложба, каде што повторно со своето дело гостуваше Иваноска. Настаните се случуваа во Галеријата „Подрум“ (*Podroom*), во рамките на Културниот центар во Белград, каде што беше промовиран зборникот од 2022 година.

Од ова може да се заклучи дека препознатливоста и појавениот интерес за овој проект – не само во просторот на поранешните југословенски републики туку и кај нас, главно се јави кај претставниците од независниот културен сектор и општата јавност, гледајќи според реакциите по неговата реализација. Овој факт и понатаму нè поттикнува и охрабрува да се обидеме да ја промовираме итноста и важноста со кои треба да се пристапи кон третирање на архивската граѓа од ваков тип и нејзина институционална утилизација и да го прекршиме институционалниот молк во однос на ваквите современи практики.

2. Методологија и теориска рамка

Интердисциплинарниот метод и пристап на работа што проектот „Архиви на невидливите“ го почна во 2021 година останува присутен во текот на целото свое дејствување и се задржува и во годинешните методолошки рамки. Наодите во рамките на продуцираните стручни трудови и овој пат го задржуваат критичкиот пристап во истражувачката работа, земајќи ги предвид контекстот, и политичкото и идеолошко милје на периодот кога се публикувал овој извор. Работејќи на овој зборник повторно со „Македонка“ како главен истражувачки извор, ни се отвори можноста за продлабочување на истражувачките перспективи и дополнително придонесување во создавањето нови критички текстови што ќе го збогатат знаењето во феминистичката литература продуцирана локално. Во таа смисла, феминистичката истражувачка рамка ни овозможува критички поглед на повоена Југославија, со фокус на Македонија, кога настануваат радикални промени во политичкото уредување на земјите во федерацијата.

Несомнено е дека оваа пресвртна точка се обележува со промена на законските регулативи (многу од нив во полза на жените), потоа и стратегиите на ниво на федерација, а особено важно е изборувањето право на глас на жените од сите народи и нивна интеграција во социополитичкиот и економскиот јавен домен. Паралелно со овие процеси се одвива и интензивната еманципаторска агенда, како составен дел од процесите на воведување на горенаведените промени. Со посебен фокус на социјалистичкото уредување, кое, иако во секое време подложно на критика заради асимилацијата на жените во општиот интерес на државата и партијата преку процесите на еманципација, несомнено игра важна улога заради поста-

вувањето темели на еднаквост помеѓу граѓаните (повеќе за ова види кај Despot, 1987). Подоцнежниот социјалистички период на самоуправување е специфичен и особено важен во однос на позиционирањето на југословенските феминистки активни во период на доцните седумдесетти и осумдесеттите години на Југославија забележува Захариjевиќ, каде што, според Блаженка Деспот, тој период претставува алтернативен модел на буржоаското, па и на етатистичкото производство, бидејќи на тој начин се создава квалитативно нов социјализам втемелен на неавторитарни односи. Секако, дополнува таа, односите во ваквото општествено уредување неопходно е да се преиспитуваат постојано, што нè потсетува дека женското прашање не може да се набљудува низ призмата на класниот проблем на пролетаријатот (Zaharijević, 2015).

Иако на ниво на федеративна Југославија се работи за релативно споделени контексти меѓу државите во рамките на федерацијата, па во теориското анализирање на ваквите извори пронајдените проблемски специфичности е можно да се аплицираат и при анализа на изворот „Македонка“, сепак постои научно-истражувачки недостаток или празнина во продукцијата на критички текстови со фокус на овој историски период во Македонија и во осумдесеттите, но и денес – со исклучок на малкумина истражувачи и теоретичари кои дале значаен придонес. Разликите помеѓу другите земји и локалниот контекст во којшто се продуцирала „Македонка“ многу зависеле од тоа што оваа земја наследила по Втората светска војна, во поглед на повеќе општествени состојби, како значително поинаков технолошко-индустриски развој, процент на писмено население, социјална добросостојба на граѓаните и граѓанките, религиските специфичности и др. Сепак, Македонија се издвојува како посебен ентитет и во овој извор можат да се пронајдат посочените специфики. Во таа смисла, продолжувањето на проектот „Архиви на невидливите“ и оваа година претендира да придонесе во развојот на интердисциплинарните истражу-

вачки практики, со цел продлабочено да се согледаат специфичностите на локалниот контекст преку женската периодика.

Меѓутоа, работата на овој зборник научни текстови не завршува со печатењето на публикацијата. Оваа година ја отвораме можноста за подетално и олеснето користење на изворот на сега веќе дигитализираното списание „Македонка“. Следејќи ја практиката што ја почнавме работејќи со дигитализираните извори во збирката на НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје, списанијата „Илустрација Илинден“, „Смена“ и „Луч“, во чија пригода беше изготвена и библиографија на избрани делови што беа релевантни за темата, т.е. за појавноста на жените во тие списанија, подготвена од Марина Мијаковска. Оваа година направивме напори во овозможувањето лесен приод кон работата со списанието, па ве поканuваме на дигитално нурнување кон нови истражувачки подвизи на овој весник, дополнето со поедноставен пристап преку библиографијата на списанието „Македонка – Орган на АФЖ (1944-1952)“ составена од Елени Новаковска, достапна на интернет-страницата на проектот „Архиви на невидливите“, а набрзо достапна и во печатена верзија. Притоа, како иницијатори на проектот, охрабруваме интердисциплинарен пристап – не останuваме во истражувачкиот процес само во академски рамки туку и веруваме дека потенцијалот за работа поврзан со ваквите истражувачки извори како „Македонка“ има широка примена.

Согласно пристапот во првиот зборник, визуелниот аспект е зачуван најпрвин заради истражувачкиот континуитет и надополнувањето на почнатиот процес во 2022 година. Она на што човек не може да се остане рамнодушен е моќната естетика на ова списание – внимателно изработувана во рамките на неговиот уреднички одбор, поради што и годинава се задржува одлуката секој текст да биде најавен со избор на една од 66-те насловни страници, што на некој начин дава пресек на истражуваната тема во текстот. Најпосле, делови од фотографиите и илустрациите во весникот се пренесени и во внатрешноста

на страниците како поткрепа на наодите во состав на научните текстови во овој зборник.

Повторно предизвикувајќи го досегашниот корпус на знаења во локалните историографски текови, текстовите во овој зборник се надоврзуваат на пионерскиот претходен подвиг во придонесување на критички осврти на различни теми поврзани со списанието „Македонка“. Автор(к)ите на научните текстови доаѓаат од различни општествени и хуманистички дисциплини и во овој зборник го анализираат контекстот на периодот во кој овој весник влијае врз нивниот субјективен светоглед кога паралелно се одвиваат процесите на масовна еманципација, додека, пак, еден од нив нуди критички осврт на проектот „Архиви на невидливите“ од неговото создавање, но со посебен фокус на зборникот научни трудови што му претходи на овој.

2.1. Продлабочување на истражувачкиот фокус низ клучните наоди на Зборникот

„Македонка“ допрва ќе отвора нови можности како извор на мноштво потенцијални научни текстови благодарение на нејзиното слоевито значење во читањето на контекстот од социјалистичкото минато. Одлуката да се пристапи кон второ издание на научни текстови е заснована на потребата за продлабочување на истражувањата поврзани со овој извор и извлекувањето на возбудливи наоди отворени за анализа во хуманистиката и општествените науки. Автор(к)ите во овој зборник извлекоа клучни наоди и направија интересни согледби на материјалот што го нуди списанието, особено во поглед на политичката субјективизација на жените преку списанието преку активностите дадени „одгоре“, правејќи обид за влијание во создавањето на новиот социјалистички човек, што, всушност, е и менлива категорија по должината на временската рамка од речиси една деценија во којашто излегува од печат ова списание.

Зборникот го отвора текстот на нашата драга соработничка од почетокот на проектот во 2021 година – професорка и книжевна теоретичарка која негува посебен интерес во женската и феминистичка периодика, Ана Коларић. Нејзината статија ја испитува врската помеѓу „невидливите“ женски архиви, дигитализацијата на овие материјали и истражувачкиот активизам, па во таа линија дава критички осврт и на првите две години од проектот „Архиви на невидливите“, задржувајќи се на продуцираните содржини на изданието што претходи на овој зборник. Во својот текст таа ја разјаснува поврзаноста на трите категории наука, активизам и знаење, инволвирајќи разни актери како институции, активисти, истражувачи и ја разгледува нивната улога во значајните трансформирачки процеси што придонеле на зголемување на видливоста на маргинализираните групи во науката. Потенцирајќи дека ваквата промена почнала уште во седумдесеттите години на 20 век со институционализацијата на женските студии на американските универзитети, а набргу потоа и во Западна Европа, преку формирањето на женски архиви и нивна дигитализација подоцна во првата декада на новиот милениум, се покажала како добар начин не само за зачувување на таквиот материјал туку и негова широка достапност насекаде и за секого, не само за истражувачите-експерти. Коларић го врамува проектот „Архиви на невидливите“ во синтагмата истражувачки активизам/активистичко истражување, анализирајќи ја неговата важност не само во збогатувањето и менувањето на историографијата туку и во поврзаноста со денешниот општествено-политички контекст, што е особено значаен аспект во нејзината анализа што воедно и ја пренесува суштината на постоењето на овој проект.

Историчарот Петар Тодоров пишува за улогата на списанието „Македонка“ во политичката еманципација на читателките во однос на историјата, поточно за историските настани преку кои се гради *новиот* национален историски наратив по завршувањето на војната. Тодоров го објаснува овој еманципаторски пристап на уредничкиот тим на списанието, анализи-

рајќи ја „Македонка“ како форум преку којшто се гради новиот наратив за минатото под силно влијание на идеолошката борба на Комунистичката партија на Македонија и Југославија и борбата за создавање на македонска држава. Фокусот во овој текст е ставен на содржините во текстовите во кои се пишува за историски прашања што се однесуваат на далечното ненационализирано минато и особено за теми од националната историја и историјата на револуцијата во социјалистичка Југославија, Европа и Советскиот Сојуз. Преку дискурзивна анализа на содржините, ова поглавје дава увид во тоа на кои начини се гради историскиот наратив и сеќавањето за минатото, поточно на кој начин текстовите за историјата придонесуваат во политичката еманципација, меѓутоа со еден новововеден аспект, а тоа е вклучувањето на жените во наративите на државната национална историја. Преку тој чин се чита и поттекстот за тоа какви претстави создаваат овие текстови во весникот, поточно какви пораки испраќаат до неговите читател(к)и.

Во својот текст, антропологинатa и етнологинa Ана Ашталковска Гајтаноска прави пресек на сите содржини поврзани со еманципаторските практики на *новото* политичко уредување насочени кон муслиманките во Југославија и во Македонија, со посебен фокус на воведувањето политики за носењето, односно отфрлувањето на фереџето и зарот од страна на оваа заедница жени во Југославија. Преку интересниот детален преглед на сите содржини поврзани со оваа *нова* политика, Ашталковска Гајтаноска нè доближува до секојдневните соочувања и предизвици на муслиманките во Југославија за кои се очекува двојно (во јавната и во приватната сфера) да се адаптираат на новитетите што АФЖ, како најголема политичка организација на жените, вложува големи напори во исполнување на задачата да ги имплементира во своите политички дејствувања. Во контекст во кој се случуваат радикални промени во однос на статусот на жените преку обезбедувањето на правна заштита на различни аспекти поврзани со родовата рамноправност, муслиманките (специфичната група жени од турската, албан-

ската и ромската етничка заедница) бидуваат „спасени и ослободени од црнилата“ на дотогашното живеење, практикувајќи покривање со фереџе и зар – елементи на нивната религиска припадност. Пристапот на Ашталковска Гајтаноска ја третира религиската припадност како најважен маркер на идентитетот на овие жени и како најголема препрека за понатамошно дејствување на АФЖ за нивното „ослободување“ или „спасување“ и во таа смисла нивно вбројување меѓу „најзаостанатите“ жени во Македонија, како што често може да се забележи на страниците во „Македонка“. Со тоа што овие жени претставуваат најсилно отстапување на претставата за социјалистичката жена што се создава тогаш, авторката во својот труд ги презентира еманципаторските стратегии што ги користи списанието за да станат и овие жени како „останатите“ и ги разгледува низ призмата на ориенталистичкиот дискурс. Текстот ја следи линијата на Светлана Слапшак и не ја спори прогресивноста на стратегиите за еманципација на муслиманките, туку има намера да ги илустрира начините на кои жените во овој случај повторно остануваат исклучени од процесот на носење одлуки. Жената „муслиманка“, едноставно, преминала „од власта на својот татко, братот, мажот и оцата како симболички претставник на колективот и беше ставена под власта на државата и на нејзината идеологија, заедно со сите други жени“.

Славчо Димитров – теоретичар, куратор и активист – ја анализира формата на политичка субјективизација на жените во поствоениот период, низ нејзината дискурзивна и афективна артикулација преку списанието „Македонка“ како орган на АФЖ на Македонија. Тој ја зема предвид историската и контекстуалната специфичност на политичката субјективизација преку АФЖ, без притоа да ја оценува, валоризира и критикува преку рамката на современите политички движења и политички родови субјективизации на современиот/те феминизам/и, на пример стратегиите на родова/полова разлика, диверзитет, автономна организација и застапување на партикуларни (женски) интереси, диференцирано граѓанство, деконструкција

на женскиот субјект или, пак, застапување за полово специфични вредности како основи за критика на маскулинистички нагласеното разбирање на политичкото. Политичката субјективизација на жените преку дејноста на АФЖ ја разгледува како посредувана преку новата и историски специфична конјунктура и креација на хегемониска релација или нов историски блок со радикално демократски предзнак, при што интересите на жените влегуваат во синџир на еквиваленција со други демократски и антифашистички борби и барања и различни субјект позиции и општествени актери. Политичката субјективизација, одовде, ја анализира во заземањето и артикулацијата на женскиот идентитет и интереси преку идентификацијата со субјект-позицијата на работниот народ, граѓанинот на социјалистичката република, единствениот народен фронт или револуционерниот субјект, претставен и кондензиран преку серија означители и симболи што се предмет на желбена и афективна инвестиција, од кои централна позиција зазема маршалот Тито. Во текстот, Димитров ги посочува конкретните дискурзивни, афективни и антагонистички стратегии преку кои се одигрува ваквата артикулација на женскиот политички субјект. Понатаму, иако артикулацијата на женскиот политички субјект преку универзалните народно-демократски означувачи и хегемониски претставници декларативно ја поддржува родовата разлика и специфика на интересите на жените, земајќи ги предвид историите на патријархална опресија, сепак, како што аргументира текстот, оваа политичка субјективизација изобилува со контрадикторности. Помеѓу нив највидливо е постепеното бришење на родовата диференцијација и интереси, на плурализмот од позиции и барања, а во име на хегемониските политики на Комунистичката партија, класната политика и монолитското идентификување на народот, односно преку преминот од народно-демократски хегемониски проект кон популистичко-авторитарна демократија со патријархален признак. Дополнително, како што тврди Димитров, доколку политичката субјективизација подразбира значителен степен на себеотуѓу-

вање, во смисла на постанувањето друг во однос на веќе постојните и традиционално утврдени улоги, капацитети и простори регулирани од доминантниот (минат) режим и општествен систем, во тој случај, политичката субјективизација на жените преку АФЖ останува, во најдобар случај недовршен проект [не само поради прераното (само)укинување], а во покритична смисла, неуспешен процес на субјективизација, бидејќи ги презема и ги репродуцира традиционалните предвоени модели на родова бинарност и поделба на трудот и можностите, и покрај иницијалните радикално политички дејства како изведба на претпоставка на еднаквоста и дејствувањето во полињата традиционално означени како машки. Со тоа, тврди Димитров, револуционерниот субјект станува агент на пасивна револуција, на реставрација на здраворазумските категории преку реформирање.

Интердисциплинарноста на проектот и соработката со сродни иницијативи и организации се суштински основи во развивањето на концептот и во таа смисла продолжува и соработката со фестивалот за феминистичка култура и акција – ПРВО ПА ЖЕНСКО, и уметницата Христина Иваноска, која повторно во рамките на овој проект работи на своја самостојна изложба со наслов „Џинови и снегулки“, реферирајќи на истоимената поема од книгата поезија „Егејска барутна бајка“ на писателот Славко Јаневски објавена во 1950 година. Поемата е објавена во 64-тиот број на „Македонка“ од 1950 година.

Изложбата е поделена во три дела. Првиот и вториот дел се сосредоточуваат на заложбите и достигнувањата, меѓутоа и на предизвиците и ограничувањата со кои АФЖ во Македонија се соочува, видени преку содржината, но и естетската, визуелно-ликовна димензија на „Македонка“ како орган на АФЖ. Ако во првиот дел уметницата се занимава со конструкција и деконструкција на јазикот и писмото, во вториот дел таа ги раздиплува насловните страници на списанието, интервенирајќи врз нив за да создаде меланж на минатото и сегашноста „со она што

било и она што е“ како вовед во третиот дел што се однесува на иднината. Вака поставувајќи ги темпоралните концептуални целини, таа нè потсетува да бидеме свесни дека сеќавањето за АФЖ и „Македонка“ не смееме да го сведеме на сентиментално ламентирање, туку дека од таа акумулирана содржина и знаење треба да излеземе со идеи за непредвидливите идни времиња. Во таа смисла, Иваноска, во третата инсталација од изложбата, ни зборува за идните конструкти и сојузи од киборзи, химери и хибриди, почнувајќи ја приказната со мистичното антропоморфно митско суштество, присутно во нашата народна култура – самовилата. Иваноска се прашува како да размислуваме за самовилите од денешна перспектива надвор од фолклорното орално наследство, замислувајќи ги повеќе како киборзи на иднината, имајќи ја предвид забелешката на Харавеј[2] дека „киборгот се појавува во митот кога ќе се премине границата помеѓу човекот и животното“. Во концептот на Иваноска киборгот не ја претставува само симбиозата меѓу луѓето и машините туку и ја означува итноста за создавање меѓувидови односи и релации засновани на заедништво и грижа толку суштински за нашето идно постоење.

Дел од истражувачкиот процес на Иваноска е претставен и во овој зборник. Низ нејзините страници се раздиплуваат, страница по страница, делови од имагинарниот пејзаж „Плот во цут“, чиј наслов е извлечен од еротската поема на Одри Лорд – „Разонода“. Изработен со пигмент и четка, тој нè воведува во интимата на ритуалното разубавување и нанесување пудра и руменило на образ, кој е надополнет со извадоци од женска еротска поезија и проза, по субјективен избор на уметницата, за да нè потсети дека сликата на жената-херој, мајка, негувателка, трудбеничка, воспитувачка, воспевана низ страниците на „Македонка“, останува нецелосна во отсуство на гласот на жената како сензуално, сексуално, копнежливо и комплексно битие.

2 Авторката ја влече инспирацијата од делата на теоретичарката Дона Харавеј, „Манифест на киборг“ (1985) и „Останувајќи со неволјата“ (2016).

3. Чуму градењето архиви, нивното чување и значење за сегашноста и иднината? Што ни значи „Македонка" во денешниот контекст?

Архивите често се необјективни, структурирани во полза на конкретниот доминантен субјект на моќ што го гради овој содржател на знаење и историја за едно време. Тие претставуваат внимателен избор на граѓа што претендира да ја прикаже *вистинската* или, пак, посакуваната слика за одминатото време и со тоа ја играат клучната улога во градењето на историските наративи. Имајќи го ова предвид, нужно е внимателно да се пристапува кон знаењето што го нудат изворите и архивските податоци, оставајќи простор за контекстот во кој се создавани и одбирани, мотивот за тоа што е селектирано во архивските збирки и на што најмногу се посветува внимание во архивирањето. Социјалистичкото минато на Македонија е несомнено период што дава сериозен влог во градењето на архивските збирки, поставувајќи солидна структура и воведувајќи институционална грижа за нивно чување. „Македонка" е само еден од медиумите од повоена Македонија што постојано потсетуваат на нов почеток и изградба на новиот социјалистички човек и на тој начин го поткрепуваат идеолошкиот правец на развој на општеството. Архивите што го *чуваат* овој период од блиската историја на државата – за којшто сè уште постојат и негови живи врсници и врснички, несомнено се моделирани и уредувани директно од центрите на моќ. Сепак, мораме да признаеме дека во почетните години по војната уште дејствуваат со ентузијазмот на отпорот и движењето за ослободување и партизанскиот дух. Сето ова не ги прави ниту помалку вредни, ниту, пак, предмети што треба да се оддадат на носталгијата за одминатите времиња. Но, губејќи ги полека оние што ги граделе овие

архиви и оние што се дел од нив, во комбинација со неетичкиот третман на разни истражувачи, историчари, архивисти, политичари и вработен кадар од директори до раководители, кои ја перпетуирале негрижата до степен на нивно конечно губење и бришење – како што е случајот со списанието од интерес во овој зборник, силно придонесуваат на заборав и изгубена колективна меморија, притоа уништувајќи го целокупниот научен потенцијал за продукција на нови знаења и сознанија, отворање на перспективи што и понатаму ќе нè учат како да се справиме со идните предизвици. Меѓутоа, таквите утописки изгледи сè послабо се опипливи, и покрај маргиналните обиди за зачувување и повторно отворање на овие фиоки на знаење, доминира новото почнување на надоаѓачките времиња за кои можеби и градењето архиви не оди во прилог со идеолошките траси. Со тоа се прекинува можноста за протресување на историографијата, чепкање по бележаните детали од минатото и нивно одново промислување во научен критички домен.

Дополнително, важен аспект во анализирањето на архивската граѓа е феминистичкото читање на овие извори, пристап што кај нас срамежливо се применува што веројатно се должи на поимањето на женската историја како нерелевантна во националните историски наративи. Руптурата во ваквиот тренд на запоставување на женската историја е настаната во социјалистичкиот период, бидејќи навистина се истакнува влегувањето на жените во јавната сфера на дејствување. Меѓутоа, Лидија Склевицки потенцира дека тоа се должи на фактот што и овој пат жените стануваат релевантни историски субјекти кога влегуваат во типично машките сфери на дејствување, политиката, управните улоги, економијата и слично. За жал, дури и по ова револуционерно признавање на женскиот субјект како релевантен политички и општествен чинител во социјализмот, останува поимањето „дека патријархалниот свет е свет на силни мажи, свет без жени [меѓутоа, з]аблудата на оваа претпоставка е побиена со многубројни студии во антропологијата

на родот, кои непобитно докажаа дека дури и во надворешно најригидните патријархални поредоци постои добро структурирана женска супкултура што располага со значителна количина на моќ што не мора јавно да се признае“ (Sklevicky, 1996). Склевицки потенцира дека до моментот кога Југославија веќе е конечно распадната, цели „генерации жени и мажи се социјализираа во текот на образовниот процес за да веруваат дека немало жени во историјата на нивните нации, [и] тие се социјализирани во духот на *митот на сеопфатниот патријархат*. Токму овде ја согледуваме неопходноста во продолжувањето на научниот приод во анализата на женското учество во историјата, вадејќи ги на површина важните аспекти на солидарност, заедничко организирање и феминистичките практики кај жените, преку феминистичкото читање на изворите и архивите. Од овој аспект особено е важен изворот „Македонка“, бидејќи ова е медиумски простор каде што некои од жените по првпат пишуваат и со тоа по првпат го читаме женскиот глас поврзан со општествените проблеми, и покрај тоа што во еманципаторската реторика потекнува „одгоре“.

Свесни за состојбите во традиционалната научна сфера, како и во архивските куќи кои се чувари на архивските извори, од позиција на независна граѓанска иницијатива со овој проект се обидовме да пристапиме кон „редефинирање“ на архивите, во онаква смисла на зборот што би подразбирало подинамично занимавање со архивската граѓа. Во нашата работа тоа подразбира ангажиран и интердисциплинарен пристап на работа преку којшто архивскиот материјал се става во корелација со минатото, сегашноста, но и иднината, а тоа ни дозволува да ги поместиме зададените хронолошки ограничувања. Ваквиот пристап на работа со архивите ни нуди мноштво начини за тоа како живееме денес со нив и како ќе ги користиме во некои други идни времиња.

Земајќи го предвид денешниот контекст, сведоци сме на тоа со каква леснотија настанува промена во политичкиот

дискурс и во стратешките политики во однос на состојбата на жените и другите малцинства во една земја. Ана Коларић во својот текст дава неколку такви примери од соседна Србија, меѓутоа случувањата во изминатите речиси две децении настануваат алармантни пресврти во обидите за впишување и бришење на родовите општествени аспекти – динамика што веќе е истоштувачки да се следи. Неодамнешното бришење на родот од стратешките документи во разни структурни инстанции ја оневозможува основата за креирање политики за зајакнување на положбата на жените и другите родови малцинства, како и оневозможување на воведување мерки за спречување дискриминација и насилство засновани на родот (Мицева, 2023). Најсвежиот пример за ваквото бришење на родовите аспекти од законски акти е постапката на Министерството за образование и наука со која во предлог-законот ја отстранило родовата еднаквост, заменувајќи ја со зборовите „еднакви можности“.[3] Овие превирања на политичката сцена го прават многу нужно и неопходно ангажираното дејствување во науката и уметноста, одржувајќи го контрапунктот на овие штетни патријархални наративи и општествено-политички практики.

3 Подетално на: Платформа за родова еднаквост: „Реакција за предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование и Предлог законот за средно образование“, https://rodovaplatforma.mk/blog/2024/11/01.

Признание и благодарност

Иако тематскиот формат во иницирањето на овој зборник беше отворен, трудовите изработени во неговите рамки успеаја да оформат целина во која наодите се поврзуваат и доаѓаат до вкрстени точки. Слободно избирајќи го својот истражувачки фокус, автор(к)ите изградија нов корпус на знаење поврзан со контекстот на социјалистичкото минато, кое допрва ќе отвора дијалози во научните, но и други дебати за што сме им особено благодарни.

Во рамките на реализацијата на овој проект, ЦИНИК воспостави ценета соработка со Музејот на Република Северна Македонија, кој повторно е домаќин на завршните настани што имаат цел иницијално да го комуницираат сработеното со поширокаата јавност. Од посебно значење ни е соработката со Народната библиотека на Србија во Белград, кои се чувари на целосниот фонд на списанието „Македонка“ и им благодариме за експедитивноста и професионалноста во соработката во изготвувањето на зборникот и оваа година. Голема благодарност за трпението и искрената посветеност на Дејан Василевски, кој ја направи лектурата на ова издание, потоа на Марија Џонс за преводот на овој зборник во негово англиско издание преку коешто текстовите ќе најдат читатели и читателки надвор од границите на оваа земја, како и на дизајн студиото КОМА за достојното прикажување на визуелните елементи на списанието, вклопувајќи го прекрасно во концептот на зборникот.

Проектот е реализиран во рамките на долгогодишната соработка со Фондацијата „Хајнрих Бел“ и нејзината канцеларија во Сараево, за што им благодариме за препознавањето на работата што ја иницира ЦИНИК. Веќе трета година „Архиви на невидливите“ е поддржан од страна на Министерството за култура на Република Северна Македонија и се надеваме дека и

понатаму во државниот буџет ќе опстои скромниот простор за поддршка на независниот граѓански сектор. Овој вовед е пишуван во прво лице множина и покрај тоа што е потпишан со едно име. Причината за тоа е заедништвото во кое сè уште се одвива овој процес, а е почнато уште од првиот проект „Архиви на невидливите“ во 2021 година. Многу од поставените теориско-методолошки рамки што беа поставени тогаш, потоа и главните мислечки правци, но и ентузијазам и посветеност, верувам дека успеаја да се задржат и во ова издание, а темелите на таа рамка немаше да бидат онакви какви што се без вклучениот труд и експертиза на главната иницијаторка на овој проект – Ивана Хаџиевска. Заедништвото во рамките на проектите на ЦИНИК е вредност врз којашто се заснова целосното функционирање на Центарот, така што благодарноста е упатена и кон целиот основачки тим на ЦИНИК.